# *Гинкгобил® 80 Форте*

**30** капсули

**Пред употреба на граничниот производ, внимателно прочитајте го упатството.**

- Пред употреба на граничниот производ внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.
- Овој граничен производ се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребен совет од лекар. Меѓутоа, и покрај тоа, ***Гинкгобил® 80 Форте*** треба да го употребувате претпазливо (внимателно) за да Ви биде што повеќе од корист.
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува и за што се употребува граничниот производ ***Гинкгобил® 80 Форте***
2. Што мора да знаете, пред да го употребите граничниот производ ***Гинкгобил® 80 Форте***
3. Како да се употребува граничниот производ ***Гинкгобил® 80 Форте***
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на граничниот производ ***Гинкгобил® 80 Форте***
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД *Гинкгобил® 80 Форте*

***Гинкгобил® 80 Форте*** како активна супстанца содржи сув екстракт од лист од билката *Ginkgo biloba* во количина од 80 mg во една капсула. Екстрактот од лист од гинкго содржи бројни активни соединенија (флавоноидни хетерозиди, гинколиди и билобалиди) кои влијаат на флуидноста на крвта во микроциркулацијата. Со тоа се зголемува дотокот на кислород и хранливи материи во мозокот што е од посебна важност кај постари лица, но и кај сите лица кои имаат намален капацитет за нивно искористување. Употреба на гинкго се препорачува како нутритивна подршка во зачувување и подобрување на когнитивните способности и одржување на периферната циркулација, а може да се употребува и во состојби на умерена цереброваскуларна инсуфициенција. Употребата на ***Гинкгобил® 80 Форте*** може да допринесе кон нормалната функција на слухот и говорот.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД *Гинкгобил® 80 Форте*

Немојте да го употребувате граничниот производ ***Гинкгобил® 80 Форте***:

***Гинкгобил® 80 Форте*** не смее да го користите:
1. Ако сте пречувствителни на екстракт од лист од гинкго или на која било компонента во состав на лекот
2. Ако сте дете помладо од 18 години
3. Ако сте имале хеморагија (крварење)

**Бидете посебно внимателни со граничниот производ *Гинкгобил® 80 Форте***:

Не се препорачува на лица кои одат на хируршка интервенција и лица кои имаат ризик од крварење во мозокот. Препаратите од гинкго може да го продолжат времето на крварење, односно неопходна е претпазливост при земање на антикоагулантни лекови.
Не смее да се пречекоруваат препорачаните дневни дози.

**Употреба со лекови и други медицински производи:**

Лица кои земаат некоја терапија треба да се посоветуваат со својот лекар пред употреба на препарат со гинкго.

**Земање на *Гинкгобил® 80 Форте* со храна или пијалок**

Досега нема никакви сознанија за влијанието на храната на делувањето на овој граничен производ.

**Бременост и доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек или граничен производ ако сте бремени, мислите дека сте бремени или планирате бременост.*

Поради недоволен број на податоци за употреба во текот на бременоста и доењето, земањето на граничниот производ не се препорачува.

**Влијание врз способноста за управување моторно возило или ракување со машини**

Нема податоци за влијанието на ***Гинкгобил® 80 Форте*** врз способноста за возење или ракување со машини.

**Важни информации поврзани со некои од помошните компоненти во граничниот производ *Гинкгобил® 80 Форте***

Не е употребиво.

PHARMANOVA

**3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД *Гинкгобил® 80 Форте***

*Секогаш употребувајте **Гинкгобил® 80 Форте** според препораките дадени во ова упатство или како што Ви препорачал Вашиот лекар.*

Возрасни: 2 пати на ден по една капсула во тек на јадење.
Се препорачува континуирана употреба во тек на најмалку 3 месеци.

**Ако сте употребиле повеќе *Гинкгобил® 80 Форте* од препорачаното**

*Ако сте земале поголема доза од производот отколку што би требало, веднаш разговарајте со вашиот лекар или фармацевт!*

Не земајте поголеми дози од препорачаните.

**Ако сте заборавиле да земете *Гинкгобил® 80 Форте***

Никогаш не земајте дупла доза за да ја надоместите пропуштената доза.
Ако сте заборавиле да земете доза, земете ја веднаш откако ќе се сетите, а потоа продолжете со земање на препаратот според упатството или според препораките.

А**ко наеднаш престанете да земате *Гинкгобил® 80 Форте***

Не се очекуваат никакви посебни појави.

**4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА**

*Како и сите медицински производи и **Гинкгобил® 80 Форте** може да има несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.*

Во поединечни случаи можат да предизвикаат несакани реакции како желудочни пречки, главоболка и алергиска реакција на кожата.

Ако било кое од несаканите дејства стане тешко, или ако забележите некои несакани дејства кои не се наведени во ова упатство, ве молиме кажете му на Вашиот лекар или фармацевт.

**5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД**

**Чување:**
Да се чува на температура до 25$^{0}$C, во оригинално пакување, на места заштитени од светлина и влага.

Граничниот производ да се чува на места подалеку од поглед и дофат на деца.

**Рок на употреба:**
2 (две) години
(рокот на траење е означен на пакувањето)

**6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

**Што содржи граничниот производ *Гинкгобил® 80 Форте***

Една капсула содржи:
Стандардизиран сув екстракт од лист од гинкго (*Gynkgo biloba folii extr.sicc.standardisatum*, мин. 24% флавоноидни гликозиди од гинкго и мин. 6% терпени) 80 mg.

Список на останати состојки:
желатин, средства против згрутчување: микрокристална целулоза, талк, магнезиум-стеарат, силициум-диоксид, бои Е122, Е171, Е172

**Како изгледа и што содржи пакувањето на граничниот производ *Гинкгобил® 80 Форте***

Тврди желатински капсули со црвена боја исполнети со прашок со жолто-смеѓа боја.

ПВЦ/Алу блистер со 10 капсули, 3 блистери во кутија.

**Производител на граничниот производ**
Pharmanova d.o.o.,
Индустријска 8, Обреновац, Република Србија

**Носител на одобрението за ставање на граничниот производ во промет**
Претставништво Фарманова Илинден
Ул. 34 бб, Илинден, Република Северна Македонија

**Начин на издавање**
Граничниот производ се издава во аптека, без лекарски рецепт (БР).

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи**
11-7719/2 од 24.10.2019.

**Датум на последна ревизија на упатството за употреба**
Упатство е одобрено на 24.10.2019.

PHARMANOVA

3203058-5

PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA